АЕК
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАЗВОЈ НА ПАЗАРОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ ВО ЧЕТВРТИОТ КВАРТАЛ ОД 2024 ГОДИНА



2024

**Содржина:**


1. Вовед ....6

1.1 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во четвртиот квартал од 2024 година ....8

2. Фиксна телефонија ....9

2.1 Вкупен број на фиксни линии ....12

2.2 Вкупен појдовен телефонски сообраќај (минути) и вкупен број на појдовни повици ....12

2.3 Вкупен телефонски сообраќај (минути) што завршува во мрежи на фиксна локација и вкупен сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација ....13

2. Мобилна телефонија ....18

3.1 Број на активни претплатници ....20

3.2 Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници низ квартали и приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво) ....22

3.3 Видови претплатници и просечен број на иницирани повици и минути по претплатник24

3.4 Вкупен појдовен телефонски сообраќај ....25

3.5 Испратени СМС и ММС пораки ....29

4. Пристап до интернет ....33

5. Пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници ....42

6. Изнајмени линии ....45

7. Преносливост на броеви ....47

8. Пакети на услуги ....49

9. Нотифицирани оператори ....52


**Содржина: Графикони и табели**


Графикон 1 Нотифицирани и активни оператори/даватели на услуги (состојба на 31.12.2024 година) 7

Графикон 2 Број на фиксни линии и промена на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 по квартали 13

Графикон 3 Удел на оператори според фиксни линии (состојба на 31.12.2024 година) 14

Графикон 4 Просечен број на реализирани повици по претплатник (месечно) иницирран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во четвртиот квартал од 2024 година. 15

Графикон 5 Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник инициран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во четвртиот квартал од 2024 година. 16

Графикон 6-Број на активни претплатници по квартали во 2024 и 2023 година и промена на индикаторот број на активни претплатници според популација 100 20

Графикон 7-Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници во четвртиот квартал од 2024 година 21

Графикон 8- Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници по квартали (%) во 2024 година 22

Графикон 9-Удел на операторите во приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво) во четвртиот квартал од 2024 година 23

Графикон 10-Соодност на при-пеид и пост-пеид претплатници по квартали во 2024 и 2023 година 24
Графикон 11-Обем на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницирани од јавни мобилни мрежи по квартали во 2024 година и 2023 година 25
Графикон 12-Удел по обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути) (%) (состојба 31.12.2024 година) 26
Графикон 13- Удел по оператор според обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути) (%) (состојба 31.12.2024 година) 26
Графикон 14-Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницирани од јавна мобилна комуникациска мрежа во третиот и четвртиот квартал од 2024 година и во четвртиот квартал од 2023 година 27
Графикон 15 -Просечен број на повици (месечно) по претплатник иницирани во јавна мобилна телефонска мрежа во третиот и четвртиот квартал од 2024 година и четвртиот квартал од 2023 година 28
Графикон 16-Удел во однос на вкупниот број на испратени СМС пораки во четвртиот квартал од 2024 година 29
Графикон 17-Удел во однос на вкупниот број на испратени ММС пораки во четвртиот квартал од 2024 година 30
Графикон 18-Удел на операторите во приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (големопродажно ниво) во четвртиот квартал од 2024 година 32
Графикон 19- Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) во четвртиот квартал од 2024 година. 36
Графикон 20- Удел на операторите во количината на сообраќај (GB) остварен од активните претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) во четвртиот квартал од 2024 година. 37
Графикон 21- Удел на операторите според приходи остварени од активните претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) во четвртиот квартал од 2024 година. 37
Графикон 22- Удел на операторите во вкупниот број на активни М2М (machine to machine) СИМ картички во четвртиот квартал од 2024 година. 38
Графикон 23- Удел на операторите во количината на сообраќај (GB) остварен од активните М2М (machine to machine) СИМ картички во четвртиот квартал од 2024 година. 38
Графикон 24- Удел на операторите во вкупниот број на испратени СМС пораки од активните М2М (machine to machine) СИМ картички во четвртиот квартал од 2024 година. 39
Графикон 25- Удел на операторите според приходи остварени од активните М2М (machine to machine) СИМ картички во четвртиот квартал од 2024 година. 39
Графикон 26-Удел на бројот на претплатници на пристап до интернет по технологии во четвртиот квартал од 2024 година* 40
Графикон 27- Удел според бројот на активни претплатници со фиксен пристап до интернет со широк опсег по оператор на 31.12.2024 година 41
Графикон 28-Пренос на ТВ содржини до крајни корисници состојба во четвртиот квартал од 2024 година 44
Графикон 29-Удел на операторите во пренос на ТВ содржини до крајни корисници во четвртиот квартал од 2024 година 44
Графикон 30-Број на пренесени броеви (фиксни и мобилни) до 31.12.2024 година 47

Графикон 31- Удел во однос на вкупен број на пренесени броеви во фиксни мрежи (состојба на ден 31.12.2024 година) 48
Графикон 32- Удел во однос на вкупен број на пренесени броеви во мобилни мрежи (состојба на ден 31.12.2024 година) 48
Графикон 33- Соодноc на претплатници на поединечна услуга и услуга врзана во пакет (состојба на ден 31.12.2024 година) 50
Графикон 34-Удел по оператори според број на претплатници кои користат две електронски комуникациски услуги врзани во пакет во четвртиот квартал од 2024 година 50
Графикон 35– Удел по оператори според број на претплатници кои користат три електронски комуникациски услуги врзани во пакет во четвртиот квартал од 2024 година 51

Табела 1 Листа на услуги за нотификација на субјекти ....6
Табела 2 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во четвртиот квартал од 2024 година ....8
Табела 3 Индикатори- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и јавно достапни локални, национални и меѓународни повици на фиксна локација ....10
Табела 4 Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии состојба (31.12.2024 година) ....14
Табела 5 Просечно времетраење на инициран разговор по претплатник (во секунди) по квартали во 2024 и 2023 година ....17
Табела 6 Индикатори- мобилна телефонија....18
Табела 7 Просечно времетраење на единечен повик по претплатник (во минути) поединечно по оператор ....28
Табела 8 Индикатор- Големопродажба....31
Табела 9 Индикатори- Пристап до интернет со тесен опсег и широк опсег ....34
Табела 10 Индикатори – Број на активни претплатници на широкопојасен пристап на интернет по пристапна брзина за четвртиот квартал од 2024 година.....40
Табела 11 Индикатори- пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници ....43
Табела 12 Индикатори- изнајмени линии....45
Табела 13 - Индикатори – Број на изнајмени линии на големопродажно ниво ....46
Табела 14 - Индикатори – Услуги врзани во пакет....49

Извештајот е од информативна природа. Истиот се базира на редовно собрани информации и финансиски податоци доставени до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) на секои три месеци во форма на квартални извештаи за обезбедување на релевантни услуги согласно Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за статистички цели и анализа на пазар и начинот на нивното објавување донесено од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 15.03.2016 година. Во извештајот се презентирани показатели кои се однесуваат исклучиво на состојбата на пазарот во наведеното тромесечје. АЕК не превзема одговорност за квалитетот на извештајот со податоци кои ги добива од операторите/давателите на услуги. Во некои случаи АЕК не може да ги утврди неправилностите во извештаите/ податоците се додека не направи споредба на повеќе последователни тромесечја. Врз основа на тоа, АЕК напоменува дека во сите табели се можни мали отстапувања од вистинитите податоци.

## 1. Вовед

Извештајот за развојот на пазарот на електронски комуникации е изготвен врз основа на информациите и податоците доставени од страна на операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги во форма на квартални извештаи согласно Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за статистички цели и анализа на пазар и начинот на нивното објавување 1303-1206/1 од 15.03.2016 година како и други податоци со кои располага Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК).

Согласно службената евиденција на АЕК за нотифицирани и активни учесници на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија во четвртиот квартал од 2024 година се содржани следниве податоци:

**Табела 1 Листа на услуги за нотификација на субјекти**

| Услуги за нотификација на субјекти | | |
|---|---|---|
| **У1** | Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација | |
| | **Нотифицирани – 13** | **Активни – 12** |
| **У2** | Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на јавна мобилна комуникациска мрежа | |
| | **Нотифицирани – 8** | **Активни - 6** |
| **У3** | Меѓуоператорски услуги за пренос или рутирање на национален и/или меѓународен сообраќај | |
| | **Нотифицирани – 17** | **Активни – 17** |
| **У4** | Услуги за пренос на податоци и тоа со: теснопојасен пристап на интернет или широкопојасен пристап на интернет | |
| | **Нотифицирани – 81** | **Активни – 74** |
| **У5** | Услуги поврзани со радиодифузија, како што се: пренос и емитување на терестријални радио програмски сервиси, пренос и емитување на терестријални телевизиски програмски сервиси, реемитување на радио програмски сервиси, реемитување на телевизиски програмски сервиси | |
| | **Нотифицирани – 40** | **Активни – 39** |
| **У6** | Услуги на давање јавна електронска комуникациска мрежа под наем: преносни и терминирани сегменти на изнајмени линии, пристап до мрежни елементи и придружни средства и други видови на пристап. | |
| | **Нотифицирани – 48** | **Активни - 26** |
| **У7** | Други услуги | |
| | **Нотифицирани – 11** | **Активни – 9** |




**<u>Графикон 1</u> Нотифицирани и активни оператори/даватели на услуги (состојба на 31.12.2024 година)**

## 1.1 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во четвртиот квартал од 2024 година

**Табела 2 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во четвртиот квартал од 2024 година**

| ИНДИКАТОР | | Q4-2024 | Q3-2024 | Промена (%) | Q4 2023 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Вкупен број на фиксни линии (сите технологии) | 456.183 | 454.160 | 0,45% | 448.139 | 1,79% |
| 2. | Број на фиксни линии според популација 100 | 24,97 | 24,86 | 0,44% | 24,48 | 2,00% |
| 3. | Вкупен број на активни претплатници во мобилна телефонија | 1.975.907 | 2.095.819 | -5,72% | 1.950.114 | 1,32% |
| 4. | Број на активни претплатници во мобилна телефонија според популација 100 | 108,19 | 114,76 | -5,72% | 106,56 | 1,53% |
| 5. | Вкупен број на претплатници на пристап до интернет со широк опсег (не се вклучени претплатници преку мобилни уреди) | 546.608 | 544.937 | 0,31% | 534.468 | 2,27% |
| 6. | Вкупен број на претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилни мрежи (2G/3G/4G) | 1.607.241 | 1.732.063 | -7,21% | 1.561.711 | 2,92% |
| 7. | Вкупен број на претплатници на ТВ-Услуги | 437.848 | 437.684 | 0,04% | 437.510 | 0,08% |

Во табелата 2 се дадени главните индикатори за пазарот на електронски комуникации во Република Македонија за четвртиот и третиот квартал од 2024 година и промената во проценти и за четвртиот квартал во 2023 година, како и промената изразена во проценти.

Вредноста на показателите број на активни претплатници според популација 100, дадени во табелата 2 за четвртиот квартал од 2023 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2022 година која изнесува 1.829.954 жители додека за четвртиот и третиот квартал од 2024 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2023 година која изнесува 1.826.247 жители.

При презентирање на бројот на активни линии/бројот на претплатници од особено значење е дефиницијата на активни претплатници особено од аспект на временскиот период релевантен за дефинирање на активен претплатник кој се движи во рамки од 3 месеци до 12 месеци. Во целиот извештај податоците за бројот на активни линии/претплатници се однесува на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан. Дефинициите за активен претплатник на релевантна услуга се дадени во Упатството за обезбедување на информации и податоци за анализа на пазар.

## 2. Фиксна телефонија

Од 13 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во четвртиот квартал од 2024 година 12 субјекти обезбедуваа јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација, и тоа:

1. Македонски Телеком-Скопје,
2. А1 Македонија- Скопје,
3. Телекабел- Штип,
4. Неотел- Скопје,
5. Актон-Скопје,
6. Алтра Сат-Охрид,
7. Интерспаце – Скопје,
8. Фреемобиле – Скопје,
9. Мултимедија – Гостивар,
10. ГОУ Нет – Скопје,
11. Софтнет ЕУ – Скопје,
12. Мепсо АД – Скопје,

**<u>Табела 3</u> Индикатори- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и јавно достапни локални, национални и меѓународни повици на фиксна локација**

| ИНДИКАТОР | | Q4 2024 | Q3 2024 | Промена (%) | Q4 2023 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Вкупен број на фиксни линии (сите технологии) | 456.183 | 454.160 | 0,45% | 448.139 | 1,79% |
| -резиденцијални | | 401.242 | 399.643 | 0,40% | 393.675 | 1,92% |
| -деловни | | 54.941 | 54.517 | 0,78% | 54.464 | 0,88% |
| 2. | Поделба на фиксни линии - според технологии | 456.183 | 454.160 | 0,45% | 448.139 | 1,79% |
| 2.1. | Бакар аналогни PSTN линии | 251 | 258 | -2,71% | 355 | -29,30% |
| -резиденцијални | | 49 | 54 | -9,26% | 82 | -40,24% |
| -деловни | | 202 | 204 | -0,98% | 273 | -26,01% |
| 2.2. | Бакар ISDN линии | 0 | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% |
| -резиденцијални | | 0 | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% |
| -деловни | | 0 | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% |
| 2.3. | Бакар ISDN BRA линии | 0 | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% |
| -резиденцијални | | 0 | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% |
| -деловни | | 0 | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% |
| 2.4. | Телефонска линија со 2 канали - | 3.117 | 3.229 | -3,47% | 3.460 | -9,91% |
| -резиденцијални | | 5 | 4 | 25,00% | 5 | 0,00% |
| -деловни | | 3.112 | 3.225 | -3,50% | 3.455 | -9,93% |
| 2.5. | Бакар ISDN PRA-линии | 0 | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% |
| -деловни | | 0 | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% |
| 2.6. | Телефоска линија со 10, 20 и 30 канали- бакар VoIP | 105 | 107 | -1,87% | 111 | -5,41% |
| -деловни | | 105 | 107 | -1,87% | 111 | -5,41% |
| 2.7 | Бакар (VoIP) | 108.018 | 110.635 | -2,37% | 116.847 | -7,56% |
| -резиденцијални | | 98.018 | 100.358 | -2,33% | 105.559 | -7,14% |
| -деловни | | 10.000 | 10.277 | -2,70% | 11.288 | -11,41% |
| 2.8. | Линии преку безжични технологии | 96.842 | 97.389 | -0,56% | 94.837 | 2,11% |
| -резиденцијални | | 84.533 | 85.099 | -0,67% | 82.828 | 2,06% |
| -деловни | | 12.309 | 12.290 | 0,15% | 12.009 | 2,50% |
| 2.8.1 | WiMax (VoIP) | 3.640 | 3.419 | 6,46% | 3.545 | 2,68% |
| -резиденцијални | | 3.327 | 3.105 | 7,15% | 3.227 | 3,10% |
| -деловни | | 313 | 314 | -0,32% | 318 | -1,57% |
| 2.8. 2 | Преку мобилни комуникациски мрежи | 93.068 | 93.885 | -0,87% | 91.164 | 2,09% |
| -резиденцијални | | 81.128 | 81.937 | -0,99% | 79.526 | 2,01% |
| -деловни | | 11.940 | 11.948 | -0,07% | 11.638 | 2,59% |
| 2.8.3 | Wi-Fi (VoIP) | 134 | 85 | 57,65% | 128 | 100,00% |
| -резиденцијални | | 78 | 57 | 36,84% | 75 | 100,00% |
| -деловни | | 56 | 28 | 100,00% | 53 | 100,00% |

| ИНДИКАТОР | | Q4 2024 | Q3 2024 | Промена (%) | Q4 2023 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.9.1 | Линии преку коаксијална мрежа DOCSIS 1x2.0 (VoIP) | 16.197 | 16.562 | -2,20% | 17.919 | -9,61% |
| -резиденцијални | | 14.203 | 14.537 | -2,30% | 15.827 | -10,26% |
| -деловни | | 1.994 | 2.025 | -1,53% | 2.092 | -4,68% |
| 2.9.2 | Линии преку коаксијална мрежа DOCSIS 3.0 (VoIP) | 82.868 | 83.386 | -0,62% | 84.270 | -1,66% |
| -резиденцијални | | 77.371 | 77.848 | -0,61% | 78.699 | -1,69% |
| -деловни | | 5.497 | 5.538 | -0,74% | 5.571 | -1,33% |
| 2.10 | LAN (VoIP) | 7.076 | 7.465 | -5,21% | 8.777 | -19,38% |
| -резиденцијални | | 6.203 | 6.570 | -5,59% | 7.842 | -20,90% |
| -деловни | | 873 | 895 | -2,46% | 935 | -6,63% |
| 2.11 | FTTx (VoIP) | 141.709 | 135.129 | 4,87% | 121.563 | 16,57% |
| -резиденцијални | | 120.860 | 115.173 | 4,94% | 102.833 | 17,53% |
| -деловни | | 20.849 | 19.956 | 4,47% | 18.730 | 11,31% |
| 3. | Вкупен број на корисници на услуга избор на оператор | / | / | / | / | / |
| 4. | Вкупен број на корисници на услуга предизбор на оператор | / | / | / | / | / |
| 5. | Вкупен број на повици | 7.265.726 | 6.979.998 | 4,09% | 7.945.812 | -8,56% |
| -број на повици во сопствена фиксна мрежа | | 1.972.215 | 2.188.917 | -9,90% | 2.479.161 | -20,45% |
| -број на повици во сопствена мобилна мрежа | | 2.442.121 | 2.229.307 | 9,55% | 2.412.737 | 1,22% |
| -број на повици кон други фиксни мрежи во РМ | | 707.042 | 741.520 | -4,65% | 886.155 | -20,21% |
| -број на повици кон други мобилни мрежи во РМ | | 2.083.031 | 1.755.781 | 18,64% | 2.088.525 | -0,26% |
| -број на повици кон мрежи во странски држави | | 61.317 | 64.473 | -4,90% | 79.234 | -22,61% |
| 6. | Вкупен обем на телефонски сообраќај (во минути) | 16.390.899 | 15.751.932 | 4,06% | 19.299.345 | -15,07% |
| -Вкупен сообраќај во сопствена фиксна мрежа | | 5.108.218 | 5.285.480 | -3,35% | 6.768.131 | -24,53% |
| -Вкупен сообраќај во сопствена мобилна мрежа | | 4.545.999 | 4.201.488 | 8,20% | 4.722.471 | -3,74% |
| -Вкупен сообраќај кон други фиксни мрежи во РМ | | 2.056.032 | 2.000.225 | 2,79% | 2.869.527 | -28,35% |
| -Вкупен сообраќај кон други мобилни мрежи во РМ | | 4.457.858 | 4.038.407 | 10,39% | 4.663.122 | -4,40% |
| -Вкупен сообраќај кон мрежи во странски држави | | 222.793 | 226.332 | -1,56% | 276.094 | -19,31% |
| 7 | Вкупен обем на сообраќај со услугата избор и предизбор на оператор | / | / | / | / | / |
| 8 | Вкупен обем на телефонски сообраќај што завршува во мрежи на фиксна локација (во минути) (национално завршување на повик ) | 8.658.667 | 8.855.387 | -2,22% | 17.896.145 | -51,62% |
| 9 | Вкупен обем на телефонски сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација (во минути) единечен транзит | 283.020 | 234.579 | 20,65% | 232.169 | 21,90% |

### 2.1 Вкупен број на фиксни линии

Вкупниот број на фиксни линии претставени во табелата 3 се дадени по технологии и број на фиксни линии по видот на претплатници (резиденцијални или деловни). Во табела 3 е прикажана состојбата на пазарот на фиксна телефонија според број на фиксни линии (технологии и видови на претплатници) и реализиран телефонски сообраќај во број на повици и минути.
Од точка бр.1 од табелата може да се забележи дека на пазарот на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација бројот на фиксни линии (сите технологии) во четвртиот квартал од 2024 година е зголемен за 0,45% во споредба со третиот квартал од 2024 година додека пак споредено со четвртиот квартал од 2023 година бројот е зголемен за 1,79%.
Бројот на PSTN линиите во однос на претходниот квартал е намален за 2,71% додека во однос на четвртиот квартал од 2023 година бројот е намален за 29,30%. Бројот на (VoIP) линии преку бакарна мрежа се намалил за 7,56% за периодот од една година.
Како што може да се забележи од табелата бројот на линии преку безжични технологии во четвртиот квартал од 2024 година изнесува 96.842 односно може да се забележи пад од 0,56% во однос на претходниот квартал и раст од 2,11% во однос на четвртиот квартал од 2023 година.
Линиите преку коаксијална мрежа DOCSIS 1x2.0 (VoIP) бележат пад од 2,20% во однос на претходниот квартал додека линиите преку коаксијална мрежа DOCSIS 3.0 (VoIP) бележат пад од 0,62% во однос на истиот квартал.
Бројот на линии преку LAN мрежа изнесува 7.076 и бележат пад од 5,21% во однос на третиот квартал од 2024 година додека во однос на четвртиот квартал од 2023 година се забележува пад од 19,38%.
Голем дел од кабелските оператори ја изнајмуваат својата мрежа на нотифицираните оператори кои се активни на пазарот на фиксна телефонија и ја обезбедуваат услугата на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација. Така на операторот Неотел неколку кабелски оператори кои дејствуваат на определени подрачја во Република Македонија му ја изнајмуваат својата мрежа како на пример: Кабел Нет- Прилеп, Канал 16- Ресен, Г-КТВ- Струга, Спајдер- Гевгелија, Пирамида- Делчево, Вива Нет- Берово, Инел Техник- Кавадарци и други.
Како што може да се забележи од табелата во четвртиот квартал од 2024 година бројот на линии преку оптичка мрежа (FTTH) кој изнесува 141.709 бележи раст од 16,57% за период од една година додека за периодот од еден квартал се забележува раст од 4,87%.
Услугата предизбор на оператор не се користи од страна на алтернативните оператори со почеток од првиот квартал од 2022 година.

### 2.2 Вкупен појдовен телефонски сообраќај (минути) и вкупен број на појдовни повици

Во точка бр.6 од табелата е даден вкупниот појдовен сообраќај во минути на пазарот на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација. Целокупниот обем на сообраќај во четвртиот квартал од 2024 година во однос на истиот квартал од претходната година бележи пад од 15,07%, додека во однос на третиот квартал од 2024 година бележи раст од 4,06%. Во однос на вкупниот број на појдовни повици споредено со четвртиот квартал од 2023 година

се забележува пад од 8,56%, додека во однос на третиот квартал од 2024 година бројот на повици е зголемен за 4,09%.

### 2.3 Вкупен телефонски сообраќај (минути) што завршува во мрежи на фиксна локација и вкупен сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација.

Во точка бр.8 од табелата е даден вкупниот обем на телефонски сообраќај што завршува во мрежи на фиксна локација кој во четвртиот квартал од 2024 година изнесува 8.658.667 минути, односно се забележува пад од 2,22% во однос на претходниот квартал и пад од 51,62% во однос на четвртиот квартал од 2023 година. Во точка бр.9 од табелата е даден сообраќајот кој што транзитира низ мрежи на фиксна локација (единечен транзит) во четвртиот квартал од 2024 година кој изнесува изнесува 283.020 минути и во однос на претходниот квартал бележи раст од 20,65% додека во однос на четвртиот квартал од 2023 година бележи раст од 21,90%.




**<u>Графикон 2</u> Број на фиксни линии и промена на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 по квартали**

Во графиконот бр.2 се прикажани бројот на фиксни линии и промена на индикатор број на фиксни линии според популација 100 на пазарот на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација во сите четири квартали од 2024 година и четвртиот квартал од 2023 година. Воочливо е дека бројот на фиксни линии според популација 100 во текот на сите прикажани пет квартали се движи во дијапазон од 24% до 25%.

Вредноста на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 за четвртиот квартал од 2023 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2022 година која изнесува 1.829.954 жители додека за сите четири квартали од 2024 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2023 година која изнесува 1.826.247 жители.

| Бр. | ОПЕРАТОР | Q4 2024 | Q3 2024 | Разлика (%) | Q4 2023 | Разлика (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски Телеком | 51,14% | 51,21% | -0,07% | 50,96% | 0,18% |
| 2 | А1 Македонија | 43,32% | 43,28% | 0,04% | 43,13% | 0,19% |
| 3 | Неотел | 1,62% | 1,62% | 0,00% | 1,74% | -0,12% |
| 4 | Телекабел | 3,36% | 3,44% | -0,08% | 3,65% | -0,29% |
| 5 | Актон | 0,56% | 0,45% | 0,11% | 0,52% | 0,04% |
| 6 | Софтнет | 0,00% | 0,00% | / | / | / |
| | | Q4 2024 | Q3 2024 | Промена (%) | Q4 2023 | Промена (%) |
| СМП оператор | | 51,14% | 51,21% | +/-0,07% | 50,96% | +/-0,18% |
| Алтернативни оператори | | 48,86% | 48,79% | | 49,04% | |

**<u>Табела 4</u> Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии состојба (31.12.2024 година)**

Во табелата 4 е прикажан уделот на алтернативните оператори/даватели на услуги според фиксни линии. Почнувајќи од третиот квартал во 2008 година на пазарот влегуваат најголем дел од алтернативните оператори/даватели на услуги кои со текот на времето го зголемуваат своето учество (според претплатници, приходи и сообраќај) на пазарот на фиксна телефонија. Во четвртиот квартал од 2024 година уделот на алтернативните оператори според број на фиксни линии изнесува 48,86% што во однос на претходниот квартал преставува раст за 0,07 процентуален поен.




**<u>Графикон 3</u> Удел на оператори според фиксни линии (состојба на 31.12.2024 година)**

Во Графиконот бр. 3 е даден уделот на операторите/даватели на услуги според фиксни линии во четвртиот квартал од 2024 година. Во вкупниот број на фиксни линии учеството на Македонски Телеком (СМП Операторот) е 51,14%, додека од алтернативните оператори/ даватели на услуги најголемо учество има А1 Македонија со 43,32%, понатаму следуваат: Телекабел (3,36%), Неотел (1,62%), Актон (0,56%) додека учеството на Софтнет е незначително.




**<u>Графикон 4</u> Просечен број на реализирани повици по претплатник (месечно) инициран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во четвртиот квартал од 2024 година.**

Во графиконот бр. 4 е даден просечниот број на повици (месечно) иницирани во јавна телефонска мрежа на фиксна локација по претплатник во четвртиот и третиот квартал од 2024 година и четвртиот квартал од 2023 година. Како што може да се забележи од графиконот во четвртиот квартал од 2024 година претплатниците просечно иницирале 5,31 повици месечно. Најголем дел се остварува во сопствена мобилна мрежа и изнесува 1,78 повици (33,61%). Бројот на повици кон други фиксни мрежи во РМ изнесува 0,52 повици (9,73%) во сопствена фиксна мрежа бројот на повици е 1,44 (27,14%) додека пак кон други мобилни мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесуваа 1,52 повици (28,67%) односно 0,04 повици (0,84%) кон мрежи во странски држави. Споредено со третиот квартал од 2024 година може да се забележи зголемување на бројот на повици кон други мобилни мрежи во РМ и во сопствена мобилна мрежа, споредено со четвртиот квартал од 2023 година може да се забележи намалување на бројот на повици кон сите дестинации.




**<u>Графикон 5</u> Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницирaн од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во четвртиот квартал од 2024 година.**

Во графиконот бр. 5 е даден просечниот обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницирaн од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во четвртиот и третиот квартал од 2024 година и четвртиот квартал од 2023 година. Како што може да се забележи од графиконот во четвртиот квартал од 2024 година претплатниците просечно зборуваат 11,98 минути. Најголем дел се остварува во сопствена фиксна мрежа и изнесува 3,73 минути (31,16%). Сообраќајот кон други фиксни мрежи во РМ е значително помал и изнесува 1,50 минути (12,54%) сообраќајот во сопствена мобилна мрежа изнесува 3,32 минути (27,73%) додека пак сообраќајот кон други мобилни мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесува 3,26 минути (27,20%) односно 0,16 минути (1,36%) кон мрежи во странски држави. Споредено со третиот квартал од 2024 година може да се забележи намалување на волуменот на сообраќајот во сопствена фиксна мрежа и кон мрежи во странски држави, споредено со четвртиот квартал од 2023 година може да се забележи намалување на волуменот сообраќај кон сите дестинации.

| Бр. | ОПЕРАТОР | Q4 2024 | Q3 2024 | Промена (%) | Q4 2023 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски Телеком | 131 | 131 | 0,00% | 141 | -7,09% |
| 2 | А1 Македонија | 161 | 152 | 5,92% | 171 | -5,85% |
| 3 | Неотел | 114 | 120 | -5,00% | 114 | 0,00% |
| 4 | Телекабел | 220 | 198 | 11,11% | 297 | -25,93% |
| 5 | Актон | 84 | 153 | -45,10% | 88 | -4,55% |
| 6 | Софтнет | 119 | 115 | 3,48% | / | / |

**Табела 5 Просечно времетраење на иницирaн разговор по претплатник (во секунди) по квартали во 2024 и 2023 година**

Во табела 5 е дадено просечното времетраење на инициран разговор по претплатник на сите оператори кои обезбедуваат јавно достапни телефонски услуги на фиксни локации за четвртиот квартал од 2024 година и третиот квартал од 2024 година и промената во проценти (%) и четвртиот квартал од 2023 година и промената во проценти (%).

Истиот е пресметан врз основа на обемот на сообраќај од иницирани повици (во минути) поделен со бројот на повици кај релевантниот оператор. Како што може да се забележи од табелата во четвртиот квартал од 2024 година кај просечното времетраење на инициран разговор по претплатник во однос на претходниот квартал пад бележат единствено операторите Актон и Неотел.

## 2. Мобилна телефонија

Од 10 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во четвртиот квартал од 2024 година 6 субјекти обезбедуваа јавно достапни телефонски услуги на јавна мобилна комуникациска мрежа и тоа:

1. Македонски Телеком АД Скопје,
2. А1 Македонија Скопје,
3. Лајкамобајл – Скопје,
4. Телекабел – Штип,
5. Греен Мобиле – Прилеп,
6. МТЕЛ – Скопје.

**<u>Табела 6</u> Индикатори- мобилна телефонија**

| Бр | ИНДИКАТОР | Q4 2024 | Q3 2024 | Промена (%) | Q4 2023 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Број на активни претплатници во мобилна телефонија | 1.975.907 | 2.095.819 | -5,72% | 1.950.114 | 1,32% |
| -резиденцијални при-пеид претплатници | | 720.913 | 847.520 | -14,94% | 720.441 | 0,07% |
| -резиденцијални пост-пеид претплатници | | 1.005.799 | 998.285 | 0,75% | 981.053 | 2,52% |
| -деловни пост-пеид претплатници | | 249.195 | 250.014 | -0,33% | 248.620 | 0,23% |
| 2. | Број на испратени SMS пораки | 50.570.746 | 41.460.920 | 21,97% | 55.126.043 | -8,26% |
| 3. | Број на испратени MMS пораки | 344.392 | 378.164 | -8,93% | 320.623 | 7,41% |
| 4. | Вкупен реализиран сообраќај (минути) | 1.405.507.852 | 1.108.587.855 | 26,78% | 1.412.313.799 | -0,48% |
| -Вкупен сообраќај во сопствена мобилна комуникациска мрежа | | 875.421.624 | 683.899.556 | 28,00% | 888.642.434 | -1,49% |
| -Вкупен сообраќај во сопствена фиксна комуникациска мрежа | | 9.902.141 | 8.708.994 | 13,70% | 10.234.221 | -3,24% |
| -Вкупен сообраќај кон други мобилни комуникациски мрежи во РМ | | 498.981.128 | 394.684.766 | 26,43% | 490.749.788 | 1,68% |
| -Вкупен сообраќај кон други фиксни комуникациски мрежи во РМ | | 12.192.947 | 9.290.657 | 31,24% | 12.641.151 | -3,55% |
| -Вкупен сообраќај кон мрежи во странски држави | | 1.842.116 | 1.677.902 | 9,79% | 2.122.836 | -13,22% |
| -Вкупен сообраќај остварен од претплатници на домашен оператор кои роамирале надвор од државата | | 7.167.896 | 10.325.980 | -30,58% | 7.923.369 | -9,53% |
| 6. | Вкупен број на повици во мобилни комуникациски мрежи | 639.932.966 | 576.530.064 | 11,00% | 622.264.937 | 2,84% |
| -Вкупен број на повици во сопствена мобилна комуникациска мрежа | | 404.625.322 | 365.628.144 | 10,67% | 408.691.761 | -0,99% |
| -Вкупен број на повици во сопствена фиксна комуникациска мрежа | | 6.114.397 | 5.671.386 | 7,81% | 6.196.619 | -1,33% |
| -Вкупен број на повици кон други мобилни комуникациски мрежи во РМ | | 221.665.587 | 198.058.579 | 11,92% | 199.688.669 | 11,01% |
| -Вкупен број на повици кон фиксни комуникациски мрежи во РМ | | 6.689.416 | 6.258.093 | 6,89% | 6.759.087 | -1,03% |
| -Вкупен број на повици кон мрежи во странски држави | | 838.244 | 913.862 | -8,27% | 928.801 | -9,75% |

Во Табела бр.6 се дадени индикатори од пазарот на мобилна телефонија - Малопродажба каде податоците се дадени за четвртиот квартал од 2024 година и третиот квартал од 2024 година и промената во % и четвртиот квартал од 2023 година и промената во %. Од неа се согледува процентуалниот пад од 5,72% на бројот на активни претплатници во мобилната телефонија во четвртиот квартал од 2024 година во однос на претходниот квартал и пораст од 1,32% во однос на истиот квартал од претходната година. Бројот на резиденцијалните пост-пеид претплатници бележат раст од 0,75% од претходниот квартал додека во однос на истиот квартал од претходната година се забележува раст од 2,52%, деловните бележат пад од 0,33% во однос на претходниот квартал додека во однос на четвртиот квартал од 2023 година се забележува пораст од 0,23%.

Од табелата може да се забележи зголемување на бројот на испратени СМС пораки во однос на третиот квартал од 2024 година од 21,97%. Кај вкупниот број на испратени ММС пораки во четвртиот квартал од 2024 година има пад од 8,93% во однос на претходниот квартал и пораст од 7,41% споредено со четвртиот квартал од 2023 година.

Кај вкупно реализираниот сообраќај во минути има раст од 26,78% во однос на минатиот квартал и пад од 0,48% во однос на четвртиот квартал од 2023 година.

Кај вкупниот број на реализирани повици во мобилни комуникациски мрежи може да се забележи раст од 11,00% во однос на претходниот квартал и раст од 2,84% во однос на четвртиот квартал од 2023 година.

### 3.1 Број на активни претплатници




**Графикон 6-Број на активни претплатници по квартали во 2024 и 2023 година и промена на индикаторот број на активни претплатници според популација 100**

Во графиконот бр.6 е претставен бројот на активни претплатници во мобилна телефонија и бројот на активни претплатници според популација 100 во текот на сите четири квартали од 2024 година и четвртиот квартал од 2023 година. Вредноста на индикаторот бројот на активни претплатници според популација 100 за четвртиот квартал од 2023 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2022 година која изнесува 1.829.954 жители додека за сите четири квартали од 2024 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2023 година која изнесува 1.826.247 жители.

Воедно податоците за бројот на претплатници се однесува на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан. Под електронски комуникациски настан се смета повик, одговор на повик, испраќање на порака, испраќање на податоци (вклучително и GPRS) или вршење на други услуги (плаќање на месечна претплата, плаќање на ваучер за при-пеид и.т.н). На 31.12.2024 година сите оператори имаат вкупно 1.975.907 активни претплатници.




**Графикон 7-Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници во четвртиот квартал од 2024 година**

Податоците од Графиконот бр.7 за уделот на мобилните оператори на пазарот на мобилна телефонија по број на активни претплатници (состојба на 31.12.2024 година) покажува дека А1 Македонија учествува со 47,39%, Македонски Телеком учествува со 46,93%,Лајкамобајл има пазарен удел од 2,82%, Телекабел има пазарен удел од 1,29%, МТЕЛ има пазарен удел од 1,47% додека Греен Мобиле има пазарен удел од 0,10% во вкупниот број на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан.

## 3.2 Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници низ квартали и приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво)




**Графикон 8- Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници по квартали (%) во 2024 година**

Од графиконот бр.8 може да се види учеството на мобилните оператори во сите четири квартали. Од графиконот може да се забележи дека за период од четири квартали Македонски Телеком бележи раст од 0,17 процентуални поени, А1 Македонија бележи пад од 0,51 процентуален поен додека Лајкамобајл бележи пад од 0,09 процентуални поени за период од четири квартали. Операторот Телекабел во истиот период забележува раст од 0,02 процентуални поени, додека Греен Мобиле не забележува промена во прикажаниот период, операторот МТЕЛ кој има пазарен удел од 1,47% бележи раст од 0,42 процентуални поени за период од четири квартали




**Графикон 9-Удел на операторите во приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво) во четвртиот квартал од 2024 година**

Во графиконот бр.9 е даден пазарниот удел на мобилните оператори во РМ во приходите остварени од обезбедување на мобилни комуникациски услуги на малопродажниот пазар за четвртиот квартал од 2024 година. Како што може да се забележи од графиконот најголем пазарниот удел има Македонски Телеком со 49,13% додека А1 Македонија има пазарен удел од 48,11%, МТЕЛ има пазарен удел од 1,18%, Телекабел има удел од 0,85%, Лајкамобајл има удел од 0,62%, додека Грееен Мобиле има удел од 0,11%. Пазарните удели се пресметани за вкупниот приход кој претставува сума од приходи од: услуга за започнување на повик, од месечна претплата, од пренос на податоци, од терминална опрема, од СМС, од ММС, од роаминг (сообраќај, СМС и дата) и останати приходи.

**3.3 Видови претплатници и просечен број на иницирани повици и минути по претплатник**




**Графикон 10-Сооднос на при-пеид и пост-пеид претплатници по квартали во 2024 и 2023 година**

Во графиконот бр.10 е претставен соодносот на при-пеид и пост-пеид претплатниците за 2024 година и 2023 година. Од графиконот може да се забележи дека во четвртиот квартал од 2024 година пазарниот удел на пост-пеид претплатниците изнесува за 63,51% односно покажува раст од 3,95 процентуални поени во однос на претходниот квартал.

### 3.4 Вкупен појдовен телефонски сообраќај




| | 2023/4 квартал | 2024/1 квартал | 2024/2 квартал | 2024/3 квартал | 2024/4 квартал |
|---|---|---|---|---|---|
| Сообраќај во сопствена мобилна мрежа | 888.642,4 | 857.105,7 | 904.776,8 | 683.899,5 | 875.421,6 |
| Сообраќај во сопствена фиксна мрежа | 10.234,2 | 9.262,6 | 9.388,9 | 8.708,9 | 9.902,1 |
| Сообраќај кон други мобилни мрежи во РМ | 490.749,7 | 482.649,3 | 473.448,6 | 394.684,7 | 498.981,1 |
| Сообраќај кон други фиксни мрежи во РМ | 12.641,1 | 12.064,2 | 12.627,3 | 9.290,6 | 12.192,9 |
| Сообраќај кон мрежи во странски држави | 2.122,8 | 1.991,5 | 1.919,8 | 1.677,9 | 1.842,1 |

**Графикон 11-Обем на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) инициран од јавни мобилни мрежи по квартали во 2024 година и 2023 година**

Во Графиконот бр.11 е даден обемот на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) инициран од јавни мобилни мрежи во 2024 година и 2023 година. Од графиконот може да се забележи помал обем на појдовен сообраќај во сопствена мобилна мрежа отколку кон други мобилни мрежи. Појдовниот сообраќај во сопствена фиксна мрежа, кон други фиксни телефонски мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави е со значително помал обем.




**Графикон 12-Удел по обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути) (%) (состојба 31.12.2024 година)**

Во Графиконот бр.12 е даден уделот на реализираниот појдовен сообраќај (%) иницирaн од јавни мобилни мрежи во четвртиот квартал од 2024 година. Од графиконот може да се забележи дека најголем процент односно 62,60% отпаѓа на вкупниот иницирaн сообраќај кој завршува во сопствена мобилна мрежа. Вкупниот појдовен сообраќај кој завршува во други мобилни мрежи во РМ учествува со 35,68% во вкупниот реализиран појдовен сообраќај. Појдовен сообраќај кој завршува во сопствена фиксна мрежа учествува со 0,71%. Сообраќајот кон други фиксни мрежи во РМ и мрежи во странски држави учествува со 0,87% (кон други фиксни мрежи) и 0,14% (кон мрежи во странски држави) во вкупниот реализиран појдовен сообраќај.




**Графикон 13- Удел по оператор според обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути) (%) (состојба 31.12.2024 година)**

Во Графиконот бр.13 е даден уделот по оператор според обем на реализиран појдовен сообраќај за четвртиот квартал од 2024 година. Од графиконот може да се забележи дека А1 Македонија учествува со пазарен удел од 57,61%, Македонски Телеком учествува со 38,86%, Лајкамобајл со 1,82%, Телекабел учествува со 1,26%, МТЕЛ учествува со 0,25% додека Греен Мобиле учествува со 0,20%.




**Графикон 14-Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницииран од јавна мобилна комуникациска мрежа во третиот и четвртиот квартал од 2024 година и во четвртиот квартал од 2023 година**

